Меѓународен Универзитет Визион - International Vision University

Universiteti Ndërkombëtar  Vizion - Uluslararası Vizyon Üniversitesi

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026 ГОДИНА

Гостивар, јуни 2023 година

**СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026 ГОДИНА**

**(СОДРЖИНА)**

**ВОВЕД**

**МИСИЈА**

**ВИЗИЈА**

**КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ**

**МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН ДЕНЕС**

**SWOT АНАЛИЗА**

**Силни страни**

**Слаби страни**

**Можности**

**Закани**

**ДЕТАЛНА АНАЛИЗА НА КЛУЧНИ ПОЛИЊА КАДЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕЗЕМЕНИ СТРАТЕГИСКИ И ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ**

**Настава и учење**

**Наука и истражување**

**Студенти**

**Интернационализација**

**Култура на квалитет**

**Унапредување на човечките ресурси**

**Интеграција во локалното опкружување**

**Финансирање и инвестиции**

**Имот и технички ресурси**

**ВОВЕД**

Изработката на Стратегијата за развој на Меѓународен универзитет Визион е иницирана од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Ахмет Веџди Џан, :претседателот на Сенатот проф. д-р Фадил Хоџа, проректорот за настава и наука проф. д-р Абдулмеџит Нуредин, проректорот за меѓународна соработка проф. д-р Зоран Филиповски и проректорот за финансии, инвестиции и развој проф. д-р Менсур Нуредин.

Целта на изработката и усвојувањето на Стратегијата е повеќестрана.

Прво, сите еминентни универзитети во светот ги изработуваат и објавуваат своите стратегии. Намената на стратегиите е за внатрешни и надворешни цели: од една страна, единиците на универзитетот и вработените постојано ги имаат пред себе Мисијата, Визијата и Стратешките цели кон кои се стреми Универзитетот и истите ги вградуваат во сопствените планови и програми, а од друга страна, јавноста, студентите и другите засегнати субјекти имаат можност да ги препознаат перспективите на Универзитетот.

Второ, планирањето е свесна човекова активност која е израз на сите успешни, организирани и ефикасни системи кои ги создава човекот и со кои тој управува. Планирањето овозможува да се поставаат целите, да се дефинираат активностите кои треба да доведат до нивното исполнување, како и да се организира нивното навремено извршување. Планирањето обезбедува и основа со која ќе се врши етапно следење на исполнувањето на поставените цели и преземање на конкретни дејствија.

Конечно, целта на Стратегијата е да се создаде едно кохезивно јадро околу кое ќе се усогласат и врз кое ќе се надградуваат интересите на сите единици на Универзитетот и на сите вработени.

Стратегијата треба да обезбеди долгорочен поглед и да даде насока на движење на сите субјекти што се дел од Универзитетот, за тие да можат сопствените акции да ги засноваат на поставените заеднички цели и задачи.

Стратегијата се очекува да обезбеди основа за поголема соработка и координација помеѓу единиците на Универзитетот.

Стратегијата за развој се однесува на временскиот период 2023-2026 година.

Временските граници на Стратегијата не мора да коинцидираат со мандатот на ниту еден ректор. Ова е сосема логично и оправдано затоа што целта на Стратегијата е да обезбеди континуитет и долгорочна посветеност кон остварувањето на заеднички формулираните и прифатени цели. За да се добие основа за еден таков документ, изработката на планот беше реализирана низ консултации на целокупниот раководен и стручен потенцијал на Универзитетот. Врз основа на тоа се дефинирани Визија и Мисија на Универзитетот, кои ги одразуваат тековните заложби и среднорочните перспективи на институцијата.

Менаџментот и деканите активно беа вклучени во изработката на Стратегијата за развој изнесувајќи стручни мислења во врска со клучните приоритети на Универзитетот за периодот кој следува, идентификација на силните и слабите страни, можностите и ограничувањата на Универзитетот. Нивните видувања беа сублимирани во единствена SWOT-анализа.

SWOT-анализата треба да послужи како основа за утврдување на стратегиски и оперативни активности. Стратегиските и оперативните активности ќе бидат основа за концептуализирање на Акциските планови, кои ќе треба да се изработат за пократки периоди и кои ќе треба да содржат конкретни активности, со дефинирани носители, буџет и рокови на реализација.

Стратегијата за развој на Универзитетот претставува клучен документ што, во согласност со Мисијата и Визијата, го дефинира и насочува развојот на оваа високообразовна установа односно ги утврдува начините како да се постигнат, реализираат и имплементираат поставените цели, а притоа да се земат во предвид сите барања, потреби, желби, но и можности и специфичности.

Универзитетот е сеопфатен, комплексен, динамичен, но и чувствителен механизам во којшто се содржани најзначајните научни, истражувачки и креативни потенцијали на секое општество.

Универзитетот се стреми кон подигнување на културата на квалитет, која ги поврзува и обединува различните и специфични поглавја и стратешки цели, се манифестира во секој сегмент од функционирањето, почнувајќи од тенденциите за имплементација на највисоки стандарди во согласност со Мисијата и Визијата, па сè до поттикнувањето и создавањето на едно мотивирачко одржливо опкружување за студентите и вработените во Универзитетот.

**МИСИЈА**

Основна Мисија на Универзитетот претставува реализација на квалитетен и сеопфатен наставно-образовен процес преку кој се едуцираат младите кадри од различни етнички заедници во квалификувани и компетентни стручњаци препознатливи на националниот и меѓународниот пазар на труд, но и поврзување, интеракција на тој процес со квалитетен научно-истражувачки и апликативно-истражувачки процес во функција на потребите на опкружувањето.

Мисијата на Меѓународен Универзитет Визион се состои во генерирање на знаење и наука како и создавање и негување на различните културни вредности во мултикултурното општество. Во овој контекст, основната Мисија на Универзитетот претставува квалитетно образование и научна дејност преку меѓународни наставни програми кои ќе придонесуваат за создавање на образовни млади кадри кои имаат слободна и научна моќ на размислување, современи знаења и вештини, општествена одговорност, кои ги почитуваат човековите права и се лојални на меѓународните и моралните вредности, демократските и секуларните државни принципи и се спремни да конкурираат на национално и

меѓународно ниво. Ова затоа што младите образовани кадри на Универзитетот се тие кои допрва треба да ја обликуваат иднината.

Универзитетот е посветен на негување и на меѓународната афирмација на традиционалните обележја и вредности на различните етникуми на нашето општество и истовремено на негување на културните и образовни вредности на Турците во Република Северна Македонија, како еден од конститутивните народи.

Универзитетот преставува мост за развивање пријателство помеѓу културите и знаењата со цел воспоставување на високи академски стандарди во наставно-научната, истражувачката и издавачката дејност. Со имплементираните европски и меѓународни стандарди, меѓународните наставни програми и својот меѓународен кадар, Универзитетот стекна адекватно валоризирана улога и позиција во развивањето на општеството.

Универзитетот ги развива и континуирано ги унапредува наставните програми во правец на создавање високообразовани кадри во сите домени во кој врши наставно-образовна дејност согласност со највисоките меѓународни стандарди. Преку својата наставна дејност, Универзитетот настојува да ги задоволи потребите од високостручен кадар во сите сегменти на приватниот и јавниот сектор, континуирано приспособувајќи се на динамичните промени во овој домен. На полето на научната работа, Универзитетот реализира научни проекти, теоретски и апликативни истражувања и други форми со кои се дава придонес кон развојот на научната мисла во земјата и пошироко. Воедно, преку соработката со приватниот и јавниот сектор се остварува двонасочна размена на знаења и искуства, што придонесува за подигнување на нивото на севкупниот општествен развој, како и континуиран и одржлив развој на Универзитетот. Во реализацијата на своите наставни и научни активности, Универзитетот негува активна соработка со високообразовни, научни, и други сродни институции од странство, заснована на принципите на рамноправност, одговорност и почитување на највисоките стандарди. Универзитетот постојано се стреми да негува и развој на критичката мисла, да делува како коректив на општеството, да придонесува за развој на човековите права и слободи и да биде предводник на процесите на осовременување и унапредување во сите сфери на општествениот живот.

Универзитетот се роди во особено комплексни општествено-политички услови и специфична динамика на високото образование во Република Северна Македонија, но и поширокиот регион. Согласно Законот за високото образование, универзитетско образование на мајчин јазик за помалите заедници во државата беше можно единствено во форма на приватна високообразовна установа. Во контекст на ова Меѓународен Универзитет Визион е единствена институција во Република Северна Македонија која овозможува образование на турски наставен јазик, кој во матичната општина на Универзитетот е и службен јазик. Освен на турски јазик сите студиски програми на Универзитетот се акредитирани и на македонски и на англиски јазик, што го прави овој Универзитет единствен по многу основи, и му дава нагласена интернационална димензија.

## ВИЗИЈА

Директно поврзана со Мисијата е и Визијата на Универзитетот којашто поврзува и обединува повеќе значајни сегменти кои го профилираат неговото опстојување и насоките на неговиот развој. Станува збор за следниве сегменти:

- Универзитетот дејствува како академска заедница на слободни поединци: наставници, истражувачи и студенти во којашто се почитуваат традиционалните академски, хуманистички и демократски вредности;

- Универзитетот е интегриран истовремено и во националното и во меѓународното опкружување;

- Универзитетот има постигнато висок степен на внатрешна институционална соработка и координација;

- Универзитетот се стреми кон највисоки академски стандарди усогласени со европскиот систем на високото образование и со интернационалните стандарди;

- Универзитетот е транспарентен и отворен кон пошироката заедница;

- Функционирањето на Универзитетот се заснова на единство на образовната и научната работа;

- Во Универзитетот наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативно-истражувачката дејност се компоненти на еден единствен високообразовен процес;

- Универзитет ги нуди и развива сите степени и форми на учење и обука создавјќи мотивирачко опкружување за студентите и наставниот кадар;

- Универзитет со постигната флексибилност и динамичност во своето функционирање е способен да ги прифаќа предизвиците и да се прилагодува кон промените кои ги носи времето.

Визија на Универзитетот е да стане конкурентен универзитет на европските и светските универзитети  кои изведуваат образовни и истражувачки активности по меѓународни стандарди со научно - истражувачка и современа инфраструктура.

Примарната идеја која ја имаа основачите на Универзитетот, беше фузирање на најдобрите образовни практики од цивилизацискиот исток и запад, афирмирање на локалната култура и традиција на соживот, почитување, гостопримство и уважување на разликите и мултиетничкиот соживот како камен-темелник на општествен прогрес во регионот.

## КЛУЧНИ ВРЕДНОСТИ

Клучните вредности на Универзитетот произлегуваат од основните цели и карактеристики на универзалната академска етика, како и од посебните етички задачи на Универзитетот, кои се инкорпорирани во Етичкиот кодекс на Универзитетот како етички вредности и норми на кои се темели извршувањето на неговата дејност.

Основни цели и карактеристики на универзалната академска етика, па одовде и на етиката на Универзитетот се:

- достојно извршување на функциите на академските институции;

- унапредување на наставната, научната и уметничката дејност на Универзитетот во општеството;

- ширење на академската култура;

- почитување на академските традиции;

- чување на достоинството на академските наставници;

- добри односи меѓу институциите и наставниците на Универзитетот;

- грижа за младите, за студентите и за специјализантите;

- одржување и развивање на етиката на благородно однесување, на неповредување никого, на давање помош и развивање на општите хуманистички идеи. Главна етичка функција на сите негови институции и наставници е квалитетно извршување и унапредување на својата дејност, како и чување на угледот на Универзитетот и на својот личен углед како научници, уметници, наставници и студенти;

- Рамноправност на единиците на Универзитетот;

- Меѓусебна соработка на единиците на Универзитетот;

- Меѓу универзитетските наставници и студентите владеат доверба и чесни односи на интелектуалци. Тие меѓусебно си ги почитуваат личноста, трудот, погледите и работните резултати, а работата и остварувањата ги вреднуваат објективно;

- На Универзитетот нема место за насилство, притисок и поткуп. Не е дозволена корупција, морално и сексуално злоставување и тој се бори против нив. Туѓи му се недоличното и секој вид неморално и нечесно однесување - воопшто однесување кое е спротивно на граѓанските и на академските етички вредности;

- Во науката и уметноста се следат етичките норми на: развивање на најсовремените научни и уметнички сознанија, автентичност и оригиналност на сознанијата, поврзување во истражувањето со другите истражувачки, и научни институции во земјата и во светот, достапност на сознанијата за сите заинтересирани, пред сè за научната јавност;

- Универзитетот развива постојана и блиска соработка со сличните институции во земјата и во странство. Во таа соработка, тој ги применува највисоките норми на етичкото однесување - пријателско настапување, доверба, колегијално договарање, чесност во постапките и одговорност за преземените задачи;

- Наставниците на Универзитетот се личности со висока одговорност за своето однесување и за дејноста на својата институција и на Универзитетот во целост. Притоа, одговорноста соодветствува на местото во академската хиерархија;

- Студентите и младите научни кадри на Универзитетот целосно, правилно и благовремено се запознаваат со своите права и со можностите за студирање како и со другите потенцијали за нивниот личен развој во земјата и во странство;

- Универзитетот настојува и дава иницијатива и помош за унапредување на положбата на студентите и на младите стручњаци во рамките на општеството, се залага за создавање прописи и други можности за нивно промовирање и за вклучување во дејствените, културните и социјалните процеси.

**МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВИЗИОН ДЕНЕС**

**SWOT АНАЛИЗА**

Меѓународен универзитет Визион согласно Swot - анализата има силни и слаби страни. Swot-анализата треба да послужи како основа за утврдување на стратегиски и оперативни активности.

Стратегиските и оперативните активности ќе бидат основа за концептуализирање на акциските планови, кои ќе треба да се изработат за пократки периоди и кои ќе треба да содржат конкретни активности, со дефинирани носители, буџет и рокови на реализација.

**Силни страни**

- Меѓународен универзитет Визион иако е релативно мал универзитет ефикасно се прилагодува на насоките за развој на високото образование и на потребите на пазарот на трудот;

- Универзитетот е изразено фокусиран кон научно-истражувачката работа (Универзитетот е домаќин или коорганизатор на најмалку десет меѓународни конгреси godi[no, најмалку три научни симпозиуми годишно, и најмалку две работилници/семинари за студенти по факултет во секој семестар);

- Универзитетот нуди образовна понуда на сите три циклуси на студии за широк дел од научните подрачја според Фраскатиевата класификација. Во моментов активни се три факултети во рамки на Универзитетот и тоа: Правен факултет, Факултет за општествени науки и Факултет за инженерство и архитектура, а наскоро се очекува да започне со работа и Факултетот за здравствени науки;

- Универзитетот дава можност да се студира на три јазици: македонски, турски и англиски;

- Универзитетот има сопствен академски кадар со добри професионални, наставно-едукативни и истражувачки перформанси, за чиешто обновување континуирано се води грижа;

- Во Универзитетот постои добар сооднос наставник/број на студенти, што овозможува квалитетен наставно-образовен процес;

- Спроведените анализи од евалуацијата покажуваат висок процент на задоволство кај анкетираните студенти од квалитетот на наставничкиот и соработничкиот кадар и реализацијата на наставно-образовната дејност;

- Универзитетот располага со адекватни просторни и технички услови за работа на единиците и институтите во негов состав;

- Во Универзитетот има посебна просторија- симулирана судница за клиничка настава;

- Универзитетот има искуство и квалитет во имплементацијата на апликативната дејност на наставничкиот и соработничкиот кадар;

- Универзитетот има меѓународно искуство во учеството во различни европски и светски програми;

- Универзитетот е интегриран;

- Студентите активно учествуваат во управувањето на Универзитетот и единиците на сите нивоа (предлагање и носење одлуки и креирање политики);

- Универзитетот има свои списанија Sui Generis и Vizion, каде се објавуваат квалитетни научни трудови;

- Универзитетот нуди можност за студирање на далечина;

- Универзитетот има добар и функционален информатички систем;

- Универзитетот има квалитетни универзитетски акти;

- Универзитетот има атрактивни студиски програми;

- Во Универзитетот постои перманентна обука на наставниот кадар;

- Мотивираноста на академскиот кадар за истражување и публикување на книги и научни и стручни трудови е висока;

- во рамките на Универзитетот функционира дигитална библиотека и интегрален електронски систем;

- Во рамки на Универзитетот функционира Компјутерски центар и единствен информатички систем, Универзитетската Библиотека, Канцеларијата за меѓународна соработка и ЕКТС, Центар за кариера и Центар за издавачка дејност.

**Слаби страни**

- Недоволно е развиен и имплементиран систем за менаџмент со квалитет;

- Универзитетот има потреба од креирање на нови студиски програми и нови единици;

- Голем дел од наставниот кадар врши и административни и стручни задачи;

- Постои потреба од ревизија на некои од постојните акти на Универзитетот како и донесување на нови акти за материјата која сеуште не е регулирана;

- Библиотеката на Универзитетот е слабо опремена со странска и домашна литература;

- Пристапот до базите на податоци во согласност со наставно-научните области коишто ги покриваат единиците не е доволен;

- Универзитетски центар за научно-истражувачка работа не е доволно организиран;

- Академскиот и административниот кадар не е доволно обучен за подготовка на апликации за меѓународни проекти;

- Мобилноста на наставниот кадар во странство е мала;

- Не е доволно оформен системот за следење на вработливоста на студентите - АЛУМНИ мрежа;

- Постои недоволна конекција помеѓу Универзитетот и приватниот сектор.

**Можности**

- Подобрување на функционалноста на универзитетскиот систем за обезбедување на квалитет, документирање на процесот на обезбедување и контрола на квалитет преку донесување соодветни Универзитетски акти;

– Упатство и континуирана супервизија на сите нивоа;

- Подготовка на Стратегија за развој и дефинирање на основните стратешки цели на Универзитетот;

- Обезбедување просторни услови за единицата во фаза на формирање – Факултетот за здравствени науки;

- Подобрување на квалитетот на наставата со воведување на различни форми на далечинско учење;

- Создавање заеднички студиски програми на единиците на сите три циклуси на образование;

- Искористување на институционалните и законските претпоставки за проширување на соработката со стопанството (за квалитативно и квантитативно подобрување на практичната настава за одредени студиски програми, за воведување нови студиски програми креирани според реалните потреби на вработувачите);

- Искористување на можностите за извори на средства од меѓународни фондови преку апликација за отворање и опремување соодветни лаборатории, набавка на нови технологии и опрема и друго;

- Меѓусебна соработка на единиците за формирање истражувачки тимови, како и организација на мултитематски и интердисциплинарни конференции, симпозиуми, тркалезни маси од регионален и меѓународен карактер;

- Издвојување финансиски средства за континуирана обука на академскиот и административниот кадар за подготовка на апликации за меѓународни проекти;

- Максимално користење на можностите за студентска размена и зголемување на влезната и излезната мобилност на студентите;

- Обезбедување континуиран пристап до бази на податоци во согласност со наставно-научните области коишто ги покриваат единиците;

- Развивање на функционален систем за следење на вработливоста на дипломираните студенти – АЛУМНИ база;

- Опремување на библиотеката со домашна и странска литература;

- Подршка на академскиот кадар за објавување на научни и стручни трудови и учество во апликативни проекти;

- Отворање на функционален Универзитетски центар за научно-истражувачка и апликативна дејност (трансфер на технологии, развој на иновации и патенти);

- Јакнење на општествената улога на Универзитетот преку креирање и реализација на програми за доживотно учење, врз основа на детектираните потреби на пазарот на трудот;

- Целосна реализација на договорите за соработка со странските универзитети, не само за студентска и академска мобилност, туку и за заеднички проекти.

**Закани**

- Ниската стапка на природен прираст, високата стапка на миграција на населението и лошата економска состојба во општеството, што доведува до намалување на бројот на студенти;

- Недоволно јасно дефинираните критериуми за финансирање на високото образование;

- Бројните измени на законската регулатива за високото образование што предизвикуваат дисконтинуитет во функционирањето и остварувањето на развојните цели на Универзитетот;

- Недостатокот на соработнички кадар;

- Зголемена конкуренција во националниот високообразовен простор;

- Недобивање дозвола за отворање нови единици за коишто постои основана оправданост и добра стартна основа;

- Затворање или ставање во мирување на студиски програми за коишто нема доволен интерес од страна на потенцијалните студенти;

- Нефункционалност на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, што доведува до застој во акредитацијата на новите, како и повторната акредитација на постојните студиски програми;

- Недоволни финансиски средства за покривање на трошоците поврзани со научно-истражувачката работа и за обезбедување пристап до соодветни бази;

- Намалување и ограничување на висината на школарината;

- Ограничени финансиски можности за унапредување на научно-истражувачката работа и отсуство на научно-истражувачки национални проекти.

## ДЕТАЛНА АНАЛИЗА НА КЛУЧНИ ПОЛИЊА КАДЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ПРЕЗЕМЕНИ СТРАТЕГИСКИ И ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### Настава и учење

Во наставата и учењето, односно во наставно-образовниот процес во целина се фузираат сите останати дејности што го карактеризираат функционирањето на Универзитетот. Од тие причини, наставата и учењето како комплексна дејност во целина е обременета со бројни цели и предизвици. Во контекст на ова и вработливоста покажува тенденции на „поларизација“ околу многу квалификувани вработувања, околу атрактивни занимања на штета на помалку или средно квалификувани, помалку атрактивни па сè до неатрактивни професии. И потребите за образование и учење од економска, општествена, граѓанска и индивидуална точка на гледање исто така константно се развиваат. Образованието, особено високото е во тесна корелација со економскиот раст заради растечката улога на технолошките иновации во нашиот развој. Кон важноста на економската димензија се надоврзува и поширокиот општествен влог, односно стекнатите квалификации треба да одговорат на крупните општествени предизвици: намалување на нееднаквостите и еднаков пристап кон високото образование, одговор на општествените проблеми во согласност со зацртаните приоритети во националните стратегии за образование и наука, образование на активни и одговорни граѓани за стекнување хуманистички и културни вредности и коишто целосно ќе учествуваат во демократскиот живот на земјата. На овој начин високото образование станува битен центар на националниот, регионалниот и локалниот развој, а пред Универзитетот е предизвикот да понуди и развива компетенции што ќе можат да ги следат општествените и економските промени.

Во ситуација кога на Универзитетот преку сите три циклуси на студии и настава се организираат околу (///) студиски програми евидентен е трендот на опаѓање на бројот на новозапишани студенти што остава простор за поширока анализа на уписната политика и академската понуда од аспект на атрактивноста на студиските програми. Исто така, со цел развивање нови начини на учење и отворање можности за полесно следење на наставните содржини од страна на студентите во делот на слободните изборни предмети се наметнува потребата од оптимално искористување на алатките и методите на е-учење и далечинско учење.

Следејќи ги трендовите во високото образование во европскиот високо-образовен простор, Универзитетот е фокусиран кон континуирано обезбедување висок квалитет во наставата иучењето во чиј центар е студентот (student centered learning). За таа цел, на располагање се повеќе форми: воведување иновативна педагогија, работа со мали групи на студенти, оптимален број на студиски програми врз основа на анализа на понудата и рационализација на идентификуваните сличности и/или паралелизми, следење на барањата на пазарот на труд и трендовите кај потенцијалната студентска популација, развивање заеднички, интердисциплинирани студии, воведување форми на доживотно учење, подобрување и унапредување на наставничките компетенции како и примена на алатките и методите на е-учење и учење на далечина.

Во тој контекст Универзитетот стратешки се определува за следниве приоритети:

- да понуди атрактивни, квалитетни и современи студиски програми што ќе дадат соодветен одговор на конкурентното опкружување;

- да ја зголеми препознатливоста на профилот на кадрите кои ги создава Универзитетот на национално и на меѓународно ниво;

- во континуитет да ги унапредува резултатите од учењето во согласност со потребите на пазарот на трудot;

- да обезбеди континуирано унапредување на академскиот кадар преку подршка за негово стручно усовршување;

- да го унапреди квалитетот на наставните процеси со примена на адекватни технологии и методи за далечинско учење;

- да ги усогласи студиските пограми или да воведе нови во согласност со европскиот високообразовен простор;

- потесно да соработува Универзитетот со бизнис заедницата;

**Наука и истражување**

Универзитетот е институција во која се спојуваат високото образование и науката. Универзитетското научно истражување секако дека е во функција на развојот на знаењата, но исто толку значаен е и трансферот на тие знаења кон студентите, јавниот и приватниот сектор, бизнис заедницата, властите, кон општеството во целина. Значењето на универзитетот во една држава произлегува од неговиот капацитет да се подигнат границите на знаењето во многу дисциплини.

Тргнувајќи од овие премиси, Меѓународен универзитет Визион посветува особено внимание во создавањето на поволна средина и оптимално опкружување за развој на научното истражување како дел од наставно-образовен процес на Универзитетот. Во контекст на ова цел на Универзитетот е да создаде предуслови кои ќе овозможат забрзан развојот на научната мисла и подигнување на научното ниво во сите подрачја, полиња и области застапени на Универзитетот, овозможувајќи на тој начин поголема видливост на

регионален, национален и интернационален план. Притоа, основна тенденција е насочување кон интердисциплинарност, креирање одржливи партнерства и прилагодување кон брзината на технолошкиот прогрес, спецификите на фундаменталното и апликативното истражување и променливите критериуми за субвенционирање на истражувањето. Кон оваа, не секогаш поволна реалност, се надоврзуваат и високите износи за финансирање како и изразената конкуренција при аплицирањето за финансирање на проектите. Во моментов, бројот на активни и акредитирани лаборатории за наставно-образовна, научна и истражувачка намена е ограничен само на неколку единици. Пристапот до бази на податоци во согласност со наставно-научните области коишто ги покриваат единиците е ограничен претжно на EBSCO базата. Недоволната обученост на академскиот и административниот кадар за апликации на меѓународни проекти, резултира со мал број финансирани меѓународни проекти на универзитетот.

Во согласност со националната програма за научно-истражувачка дејност на Република Северна Македонија и европските стратешки иницијативи во областа на истражувањето, развојот и иновациите, Универзитетот ќе го поттикне стекнувањето, развојот и дисеминацијата на научните достигнувања преку:

- Континуирано развивање култура за научно истражување во функција на општествената одговорност на универзитетот и професионалната одговорност на наставно-научните кадри во делот на истражувањето, развојот, креативноста и иновативноста;

- Промовирање, реализирање и одржување на програми за поддршка на квалитетна научно-истражувачка работа во согласност со Мисијата на Универзитетот и постоечките експертски потенцијали во претходно дефинирани приоритетни подрачја;

- Интегрирање на стекнатите искуства, знаења и вештини во административните практики на Универзитетот;

- Преземање сет од мерки за подобрување на опкружувањето за научна работа, следење и одржување на функционирањето на постоечките и формирање нови катедри,центри, институти за научноистражување;

- Воведување на докторски студии во сите единици на Универзитетот;

- Подобрување на соработката меѓу менторите и студентите-докторанти;

- Подигнување квалитетот на истражувачките тимови;

- Формирање интердисциплинарни истражувачки групи со доволна концентрација на компетентни човечки ресурси за работа на проектни апликации и меѓународни проекти;

- Обезбедување институционална поддршка на истражувачките тимови преку формирање проектна канцеларија на Универзитетот;

- Поттикнување на стопанските субјекти со забележителни потенцијали да се вклучат во финансирањето на истражувачките активности на универзитетот за сопствени потреби, но и за потребите на поширокото опкружување;

- Промовирање на отворен пристап кон научни списанија, бази на податоци и останати истражувачки резултати;

- Зголемување на бројот на научни публикации и цитирања на академскиот кадар на Универзитетот;

- Соработка и поврзување со иницијативите на европскиот простор за истражување (ERA) и рамковата програма за истражување и иновации на ЕУ (HORIZON 2020);

- Обезбедување внатрешни финансиски механизми за стимулирање на истражувањето преку воспоставување универзитетски фонд за проекти и обезбедување механизми за транспарентност во трошењето на средствата;

- Воведување на програми за доживотно учење.

**Студенти**

Студентите се центарот на образовниот процес. Од студентите се очекува одговорен пристап и активно учество како при стекнувањето на знаења и вештини, така и при создавањето на нови знаења.

Студентот има право на квалитетно образование, но и обврска за активно учество во него, исполнувајќи ги своите должности во согласност со академските вредности.

Современите текови ја наметнуваат и потребата за максимално искористување на можностите за студентска мобилност и вклучување на студентите во соодветните облици на студентско организирање на меѓународно ниво во насока на градење на меѓусебна доверба, запознавање, споделување на културните вредности и интернационализација во сферата на високото образование. Овој тренд уште повеќе ја поттикнува потребата за воспоставување и целосна реализација на договорите за соработка со странски универзитети на полето на студентската мобилност и реализирање заеднички студентски проектни активности во различни програми.

На Универзитетот студираат бројни студенти на прв, втор и трет циклус студии кои своите интереси, барања и предлози ги остваруваат организирани во студентски парламент. Највисоко студентско тело е Студентскиот парламент. Студентите во согласност со Законот, Статутот и другите интерни акти активно се вклучени во реализацијата на многубројни вонаставни културни, спортски, образовни, забавни и социјални активности во насока на подигнување на чувството за припадност и нивно изградување во комплетно образовани, сестрани личности.

Стратегиски цели на полето на студентските активности се:

- развој на студентот во комплетно оформена личност;

- учество на студентите во процесите за обезбедување квалитет;

- поттикнување на мобилноста на студентите;

- активно учество на студентите во образовните и истражувачките активности;

- учество на студентите во многубројни воннаставни активности.

**Интернационализација**

Интернационализацијата како процес на вклучување на интернационални односно интеркултурни елементи во наставата, истражувањето и услугите што ги дава Универзитетот сѐ повеќе добива на значење. Во контекст на ова Универзитетот во периодот кој доаѓа ќе стави акцент на неопходноста од одржување институционален организиран приод кон овој сегмент на своето работење.

Интернационализацијата се наметнува како нужност не само поради потребата да се придонесе кон реализација на целите на институцијата туку и заради давање соодветен одговор на предизвиците што ги поставува поширокото регионалното, па дури и глобалното опкружување и тоа од повеќе причини: академски, економски, политички, културни.

За таа цел, покрај иницирањето на еден сеопфатен концепт потребно е да се развие, со тек на време, таков стратешки институционален капацитет за да може комплексниот процес на интернационализација да се воведе, а неговите цели да се имплементираат на сите нивоа. Имајќи го предвид суштинското значење на интернационализацијата којашто не е цел сама за себе туку начин за подобрување на квалитетот во работењето на повеќе нивоа, како и за зголемување и/или подобрување на меѓународната видливост, фокусот ќе се стави на:

- Зајакнување на билатералната и мултилатералната меѓународна соработка преку иницирање на нови и проширување на претходните партнерства;

- Создавање нови и интензивирање на воспоставените регионални универзитетски релации;

- Интензивирање на учеството во европските образовни програми;

- Учество во заеднички проекти;

- Проширување на академската понуда на англиски јазик;

- Развивање заеднички студиски програми со сродни и/или слични високообразовни установи во странство;

- Активно учество во меѓународни и регионални, билатерални и мултилатерални мрежи, асоцијации, конзорциуми;

- Интензивирање на меѓународната академска мобилност во областа на наставата (размена на студенти и кадри) и науката (размена на истражувачи);

- Подобрување на состојбата со изучувањето на странските јазици преку соодветни понуди за студентите и за академските кадри;

- Достапност на странска литература.

**Култура на квалитет**

Универзитетската култура на квалитет се темели на определбата на Универзитетот да биде динамичен организам, чиешто хармонично функционирање го обезбедуваат луѓето кои управуваат со него, предаваат и истражуваат, работат, ги создаваат врските со надворешното опкружување, интер и интра комуницираат преку востановени правила, процеси и принципи. Луѓето, менаџментот и процесите, всушност, го претставуваат системот за менаџмент со квалитет на Универзитетот.

Системот за менаџмент со квалитет на Универзитетот се формира врз јасно дефиниран начин на извршување, анализа и контрола на клучните процеси во институцијата. Во таа насока, согледувајќи ја важноста од формализирање на институционален систем за менаџмент со квалитет, како и транспарентност на одделните процеси, од страна на Универзитетскиот менаџмент е формирана Комисија за настава и обезбедување на квалитет, а како позначајни акти од оваа област се донесени Правилникот за системот за менаџмент со квалитет на Универзитетот и Правилникот за организацијата и работењето на Центарот за обезбедување и контрола на квалитет на Универзитетот.

Активностите околу самооценувањето на работењето ги организира и спроведува Комисија за самоевалуација, а врз основа на: Законот за високото образование и посебното Упатство за самоевалуација на Универзитетот и посебното Упатство за работа на Комисите за самоевалуација. Од друга страна, искажаното мислење по различни прашања од работењето на единиците, преку организираната студентска анкета, се зема предвид при преземање на соодветни мерки за развој на единицата, а дополнително и при напредувањето на наставникот во наставно – научно звање.

Системот за менаџмент со квалитет треба да дејствува со примена на меѓународните стандарди за квалитет.

Политиката на квалитет на Универзитетот е континуирано градење, подобрување и ширење на културата на квалитет и негување, поттикнување и развој на позитивните вредности во реализацијата на универзитетските дејности и во поширокото општествено опкружување, преку инсталиран систем којшто се однесува на сите институционални структури, политики, процеси, внатрешни и надворешни чинители. Несомнено, квалитетот е составен дел на Мисијата на Универзитетот, а обезбедувањето квалитет стратегиска задача. Оттука, инвестирањето во системот за менаџмент со квалитет е долгорочен стратешки план на Универзитетот. Во контекст на ова стратешките планови на Универзитетот се:

- промовирање позитивна и креативна атмосфера исполнета со доверба и одговорност;

- постигнување највисок степен на квалитет во високообразовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката високостручна дејност;

- обезбедување највисок степен на квалитет на стручната и административната работа на Универзитетот и единиците во неговиот состав;

- обезбедување значајна улога на студентите во процесот на унапредување на квалитетот;

- влијание врз прилагодувањето и промената во однесувањето на сите поединци во насока на поттикнување на позитивните вредности.

**Унапредување на човечките ресурси**

Грижата за човечките ресурси - наставничките, истражувачките, соработничките, административните и останатите кадри е постојано во фокусот на работењето на Универзитетот. Имајќи го во предвид фактот дека постои одредена неуедначеност во поглед на годините на заедничка припадност и функционирање во рамките на универзитетската заедница со тоа што некои единици во составот на Универзитетот се уште од основањето, други подоцан се придружиле, но, има и новоосновани различни се состојбите со кадрите на единиците, а во таа смисла и потребата за ангажирање други кадри од Универзитетот и/или од другите универзитети во земјата, а по потреба и од странство.

Во периодот што следи Универзитетот ќе настојува да ја подобри својата кадровската екипираност на единиците, воспоставувајќи динамика во продуцирањето сопствен кадар, вработувањето и анагжирањето млади академски кадри пристапувајќи системски и плански кон оваа проблематика заради остварување неколку специфични цели:

- Изработка на регистар на вработен наставнички и соработнички кадар на Универзитетот со податоци за област на избор и ангажираност во област и сродна област на матичната единица и ангажираност на единиците на Универзитетот и на други универзитети;

- Дефинирање на потребите на единиците за вработување и соодветен наставнички и соработнички кадар;

- Дефинирање на потребите од административен кадар и помошен кадар на единиците на Универзитетот.

**Интеграција во локалното опкружување**

Релацијата Универзитет - социоекономско опкружување како никогаш претходно е клучен фактор за развојот и одржливоста на секој современ универзитет. Ваквото поврзување ја условува локалната и регионалната позиционираност на Универзитетот во воспоставената мрежа на соработка со институциите, установите во опкружувањето, со бизнис/небизнис секторот, локалните власти, преку интензивна двонасочна размена на знаења, вештини и искуства.

Од друга страна, Универзитетот игра многу значајна улога во општествено-економскиот и културниот развој поради фактот што ги прави достапни, што ги споделува, но и експлоатира знаењата. Одовде, отвореноста на Универзитетот кон социо-економскиот свера е неопходна за реализација на севкупните научни, педагошки и културни цели. Во контекст на ова партнерствата помеѓу Универзитетот и надворешното опкружување се инкорпорирани во Мисијата на Универзитетот и овозможуваат да се оствари симбиоза со опкружувањето низ различни форми и двонасочни поврзувања.

Интензивирањето на интеграцијата во локалното опкружување ќе биде овозможена преку реализацијата на основните стратешки цели:

- Почитување на принципите на социјална одговорност и одржлив развој во сите активности раководени од универзитетот;

- Воведување поголем број студиски програми чии резултати од учењето директно го поттикнуваат развојот на економијата и општеството;

- Зајакнување на соработката со опкружувањето и вклучување надворешни чинители во формулирањето на стратешките одлуки на универзитетот и неговите единици од интерес за развојот на економијата и општеството;

- Зајакнување на улогата на Центарот за кариера и алумни мрежата;

- Зголемување на влијанието врз регионалниот развој во доменот на социјалните активности, културата и спортот.

**Финансирање и инвестиции**

Имајќи го во предвид фактот дека Меѓународен универзитет Визион е приватна високообразовна установа, финансирањето е во непосредна и директна зависност од обезбедување на сопствени приходи за финансирање. Во оваа смисла, основна стратешка цел на Универзитетот во делот на финансирањето е да стане атрактивен со своите студиски програми и квалитетот на кадрите кои ги продуцира и на овој начин да привлекува повеќе студенти од државата и странство.

**Имот и технички ресурси**

Меѓународен универзитет Визион е лоциран во центарот на градот Гостивар. Кампусот на Универзитетот има вкупна површина од 8000м$^2$. Местото каде се изведуваат административните работи, наставата и обуките е 6200м$^2$. Универзитетот располага со амфитеатри, компјутерски лабаратории, предавални, библиотека, симулирана судница за клиничка настава. Универзитетот максимално ги користи придобивките на современата технологија и има добри технички ресурси.

Стратешка цел на Универзитетот е завршување на објектите на единиците кои се во фаза на доградба, како и нивно опремување и ставање во функција, посебно затоа што во академската 2023/2024 година се очекува да започне со работа Факултетот за здравствени науки.